Република Македонија
Министерство за финансии

[redacted]

До
Мирјана Бајрактарова

Бр.03-5071/4
Скопје 05 OCT 2016 година
Република Македонија
Министерство за финансии
Сектор за правни работи
Даме Груев 12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: ++ 389 2 3255 624
Е-пошта:
lilijana.janevska@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по барање

Почитувана,

Во врска со поднесеното барање за пристап до информација од јавен карактер, заведено под наш број 03-5071/1 од 09.09.2016 година, со кое барате пристап до информацијата „Колку вкупно приходи имат објавено казината во Република Македонија за минатите 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 година? Колку провизија имат платено казината за електронските машини кои се поставени? Колку изнесува просечната плата во казината во Македонија? За секое казино поединечно? Колку е најмалата плата во казината?“, Ве известуваме за следното:

Во однос на барањето „Колку вкупно приходи имат објавено казината во Република Македонија за минатите 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 година?“, согласно со Правилникот за начинот на работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/12), Управата за јавни приходи ги следи уплатите и исплатите, односно располага со податоци за приходите кои ги остваруваат приредувачите на игрите на среќа во казино од приредување на игрите. Согласно со наведеното, за овој дел од Вашето барање потребно е да се обратите до Управата за јавни приходи.

Понатаму, во однос на барањето „Колку провизија имат платено казината за електронските машини кои се поставени?“, Ве известуваме дека со Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15 и 23/16), не се предвидува плаќање провизија за поставените автомати во просториите каде што се приредуваат игрите на среќа.

Во врска со Вашето барање „Колку изнесува просечната плата во казината во Македонија? За секое казино поединечно? Колку е најмалата плата во казината?“, Ве известуваме дека Министерството за финансии не располага со податоци за висината на платите за вработените во казината.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на одделение
Михајло Михајловски

Изработил: Лилијана Стојановска